**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) Бр.2020/745**
**на КОМИСИЈАТА**

**од 4 јуни 2020 година,**

**за изменување на Регулативата (ЕУ) Бр. 2018/1042 во насока на одложување на роковите за примена на определени мерки во контекст на COVID – 19 пандемијата**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската унија,

Имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот Парламент и Советот од 4 јули 2018 за заедничките правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенцијата за безбедност во воздухопловството на Европската унија, изменувајќи ги Регулативите (ЕК) Бр. 2111/2005, (ЕУ) Бр. 1008/2008, (ЕУ) Бр. 996/2010, (ЕУ) Бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот, и укинувајќи ги Регулативите Бр. (ЕУ) 552/2004 и (ЕУ) Бр. 216/2008 на Европскиот Парламент и Советот и Регулатива (ЕЕУ) Бр. 3992/91([1]) на Советот, а особено Член 23, Член 31 и Член 62(15) од истата,

Каде што:

(1) Мерките воведени по однос на COVID – 19 пандемијата сериозно ја отежнуваат способноста на земјите – членки и на воздухопловната индустрија да се подготват за примена на голем број неодамна усвоени регулативи за спроведување во областа на воздухопловната безбедност.

(2) Ограничувањето и промените на условите за работа како и достапноста на вработените, во комбинација со дополнителниот обем на работа потребен за управување со значајните негативни последици од пандемијата COVID – 19 за сите засегнати страни ги нарушуваат подготовките за примена на овие регулативи за спроведување.

(3) Новите услови за тестирање за алкохол, програмите за взаемна поддршка и психолошката проценка на пилотите, како што е наведено во Регулатива (ЕУ) Бр. 2018/1042([2]), не можат да се применат од страна на земјите – членки во

---

[1] OJ L 212, 22.8.2018, p.1.

[2] Регулатива (ЕУ) 2018/1042 од 23 јули 2018 година за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 во однос на техничките услови и административните процедури поврзани со воведување на програми за поддршка, психолошка проценка на екипажот на лет, како и систематски и вонредни тестирања на психоактивни супстанци за да се осигура здравствената способност на членовите на екипажот на летот и членовите на кабинскиот персонал, и во однос на опремувањето на новопроизведените авиони на турбински

превидената временска рамка утврдена во оваа регулатива, односно од 14 август 2020 година затоа што тие развија различни мерки за затворање. Земјите – членки не се во состојба да обезбедат дека екипажите ќе имаат можност да ги исполнат новите обврски воведени со Регулативата (ЕУ) Бр. 2018/1042, бидејќи тоа може да ја спречи достапноста на екипажите во продолжувањето на летовите во контекст на закрепнување од COVID – 19 пандемијата. Така, датумот за примена на овие услови треба да биде одложен за 6 месеци со цел да им се овозможи на земјите – членки да го компензираат негативното влијание од доцнењето на воспоставување на овие мерки во пракса како последица од COVID – 19 пандемијата.

(4) Агенцијата за безбедност во воздухопловството на Европската унија и потврди на Комисијата дека одложувањето на примената на одредбите наведени во точка 3 е возможно без истото да има штетен ефект врз безбедноста во воздухопловството, со оглед на тоа што истото ќе биде за многу ограничен временски период и во контекст на закрепнување од COVID – 19 воздушниот сообраќај е веројатно да доживее ниски и постепени стапки за продолжување, со помала изложеност на ризици утврдени во областа тестирање од психоактивни супстанци и програмите за психолошка поддршка.

(5) Со цел да се обезбеди итно олеснување за националните воздухопловни власти и сите засегнати страни за време на COVID – 19 пандемијата и да им се овозможи да го прилагодат својот план за одлагањето на примената на одредбите кои се во прашање, оваа регулатива влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот Весник на Европската унија.*

(6) Мерките предвидени со оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот основан согласно Член 127 од Регулативата (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Во Член 2 на Регулативата (ЕУ) 2018/1042, третиот став се заменува како што следува:

‘Меѓутоа, точките 1 и 3 на Член 1 ќе се применуваат од 14 февруари 2021 година и точките 3(ѓ) и 6(б) од Анексот ќе се применуваат од 14 август 2018 година.’.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот Весник на Европската унија.*

---

погон со максимална дозволена маса при полетување од 5 700 кг или помалку и одобрени за превоз на шест до девет патници со систем за предупредување за опасно зближување до теренот (OJ L 188, 25.7.2018, p. 3).

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 4 јуни 2020 год.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН